Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19 и 1/21), по барање на **АД ЕВРОПА -Скопје**, за сечење и кастрење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 2 (две) дрва (бреза и чемпрес), како и кастрење на 11(единаесет) дрва (3 липи, 3 јавори, 2 чемпреси, бреза, орев и цреша) што се наоѓаат **на ул."808" бр.8 (пред АД ЕВРОПА) – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обрзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 2(две) дрва , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**АД ЕВРОПА -Скопје, ул."808" бр.8 - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/414** од **24.06.2024** година, за сечење и кастрење на дрвата што се наоѓаат **на ул."808" бр.8 (пред АД ЕВРОПА) – Скопје.**

Службеникот, од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата што се за сечење се целосно суви (мртви дрва), и постои опасност да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета, и не постојат услови за пресадување на дрвата, а пак дрвата што се за кастрење имаат неуредни крошни и широко разгранети гранки кои при невреме се кршат и паѓаат пред објектот, а исто така имаат и гранки испреплетени во кабли од ел.инсталација.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило,и е одлучено 11(единаесет) дрва да бидат искастрени, а 2(две) дрва да бидат исечени бидејќи е констатирано дека поради состојбата на дрвата не постојат услови за пресадување.
На ЈП “Паркови и зеленило” –Скопје му е наметнато компензационо садење за дрвата за кои е дозволено сечење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/414/2**
**15.07.2024** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

_______________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

_______________

Помошник Раководител на сектор
**Драги Митковски**

_______________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи
**Зоран Лапевски**

_______________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT